Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
бр. 18-1260/8
06-04-2012 год
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ISO 9001:2000 SGS

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 136/07 ,130/08 ,97/10 и 53/11), член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје врз основа на Записник од отворање на понуди бр.18-1260/3 од 28.02.2012 година, Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.18-1260/4 од 28.02.2012 година и Извештај за текот на е-Аукцијата бр.18-1260/7 од 26.03.2012 година од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 03-2011 за јавна набавка од отворена постапка со користење на електронска аукција Директорот на Друштвото донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда
## за Тековно и инвестиционо одржување на објекти со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје

На основ на записник од отварање на понуди бр.18-1260/3 од 28.02.2012 година, извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр. 18-1260/4 од 28.02.2012 година и Извештај за текот на е-Аукцијата бр.18-1260/7 од 26.03.2012 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 03/2011 од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.18-1260/2 од 02.12.2011 година,Одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на електронска аукција бр.18-1260/6 од 08.03.2012 година, за јавна набавка од отворена постапка со користење на електронска аукција за **Тековно и инвестиционо одржување на објекти со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје** договорот за јавна набавка се доделува на:

**За Регион 1 Скопје** ( Подружница Скопје, Подружница Куманово, Подружница Велес, Подружница Тетово)

**„ Еуро Инвест-Инг Ул„Иво Лола Рибар“ бр.189 Тетово**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 5 (пет) прифатливи понуди.

**За Регион 2 Битола** (Подружница Битола, Подружница Прилеп, Подружница Охрид и Подружница Кичево)

**“Викторија Градба “ ДООЕЛ ул.„12 Македонска Бригада“ бб Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4(четири) прифатливи понуди.

**За Регион 3 Штип** (Подружница Штип, Подружница Кочани, Подружница Кавадарци и Подружница Струмица)

**Викторија Градба “ ДООЕЛ ул.„12 Македонска Бригада“ бб Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4(четири ) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за

доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести понудувачот или понудувачите чија понуда е избрана за најповолна, како и кандидатите или понудувачите што биле одбиени како и оние чија понуда не е избрана за најповолна, за причините за донесување на одлуката и тоа секој:

- неизбран кандидат за причините за отфрлање на неговата пријава за учество
-понудувачот кој поднел прифатлива понуда која не е избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.
-понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, со детално образложение зошто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор од државна сопственост СКОПЈЕ

**доставено до**:
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии,
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива